Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
**- Годишно собрание -**
Број 0201 -1885/12
27.03.2014 година

Врз основа на член 383 став 1 точка 8 од Законот за трговски друштва, член 20 став 3 точка 11 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со член 129 став 2 од Законот за супервизија на осигурување, **Годишно собрание** на Друштвото на својата седница одржана на **27.03.2014 година** донесе следната:

# ОДЛУКА

**за именување на друштво за ревизија кое ќе изврши ревизија на Годишната сметка на Друштвото за деловната 2014 година**

1. За извршување на ревизија на Годишната сметка на Друштвото за деловната 2014 година се именува друштвото за ревизија КПМГ Македонија ДОО Скопје.

2. Се задолжува Управниот одбор на Друштвото да побара согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување, за Друштвото кое ќе изврши ревизија на Годишната сметка за деловната 2013 година од став 1 на оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила по добивање на согласност од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување на Р. Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 383 Собранието на Друштвото одлучува за назначување на овлстен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи. Истата одредба е трансферирана во Статутот на Друштвото. Согласно член 129 став 2 од Законот за супервизија на осигрување, Друштвото е должно од Агенцијата за супервизија на осигурување да побара согласност за друштвото за ревизија кое го определило да врши ревизија на деловните биланси и годишните извештаи во рок од 15 дена од денот на неговото определување.

Поради претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

**Татјана Димов**